ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-113/8
12.10.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **03.10.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Информација до каде е изградбата на прифатилиштето за бездомни кучиња? (детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-113/1 од 03.10.2023.
2. Допис до Раководител на Одделение за економски развој бр.11-113/2 од 05.10.2023 година.
3. Допис до Раководител на Одделение за комунални дејности бр.11-113/3 од 05.10.2023 година.
4. Допис до Раководител на Одделение за урбанистичко планирање и заштита за животна средина бр.11-113/4 од 05.10.2023 година.
5. Одговор од урбанистичко планирање и заштита за животна средина со бр. 11-113/5 од 05.10.2023 година.
6. Одговор од Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјипте со бр. 11-113/6 од 06.10.2023 година.
7. Одговор од Одделение за економски развој со бр.11-113/7 од 10.10.2023

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 12.10.2023 година, под бр. 11-113/8.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 03-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | -113/1 | | |

ЕБ бр.1408/2023

[redacted]

[redacted]

Од:

[redacted]

До:

-Општина Битола

-Градоначалник, Тони Коњановски

(иматели на информацијата)

**БАРАЊЕ**

за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот на информацијата, Општина Битола кое од аспект на дејноста е правно лице кое извршува јавни овластувања ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. Информација до каде е изградбата на прифатилиштето за бездомни кучиња во Битола.

2. Дали и кога ќе започне со работа привременото решение (боксовите во дворот на земјоделското училиште) кое би згрижувало и третирало бездомни кучиња.

3. Дали и кога Општина Битола планира да ангажира оператор за заловување и третман на бездомните кучиња како што имаше и претходно.

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Венцо Шишкин
Раководител Одделение за економски развој

Бр.11-113/2
05.10.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-113/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

__________________________

Емилија Илиевска

__________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Маријана Спасевска
Раководител на одделение за комунални дејности

Бр.11-113/3
05.10.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-113/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита за животна средина

Бр.11-113/4
05.10.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-113/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Сл-31

05.10.2023 год.

Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 113/5 | | |


До
Емилија Илиевска
Евгенија Чукалева

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање на информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр.11-113/4 од 05.10.2023 година, а се однесува на информации од јавен карактер согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/2019) од страна на [redacted] Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина ќе ви одговори само на прашањето што е дел од надлежност на истото.

1.Во врска со третото прашање кога планира општината да ангажира оператор за заловување и третман на бездомните кучиња, Ве информираме дека надлежноста врз ангажирањето на операторот во моментот е во Одделението за јавни набавки кои ја спроведуваат истата.

Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина согласно Програмата за животна средина и согласно финансиските средства во истата за Услуги за заловување и стручен третман на кучињата скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола во висина од 400.000,00 денари спроведе постапка за јавна набавка за избор на оператор.

По завршување на законските процедури избран е оператор Договор бр.08-438/1 од 19.04.2023 година.

После исцрпување на предвидените средства согласно горенаведената Програма и финансиската рамка, со Ребалансот на Буџетот Службен гласник бр.09-118/10 од 06.09.2023 година одобрени се нови 1.000.000,00 денари и извршена е Измена и дополнувањена Програмата за животна средина.

После изборот ќе се пристапи кон спроведување на Договорот од јавната набавка од страна на избраниот оператор.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска

Контролирал: Љубо Атанасовски диа

Раководител на Одделение за
урбанистичко планирање и
заштита на животната средина

____________________

м-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 06-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 – 113/6 | | | |

**Бр.32-719/2 од 06.10.2023г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до**
**информации од јавен карактер**
**-Емилија Илиевска**

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со Вашето доставено барање до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште бр.11-113/3 од 05.10.2023г., кое се однесува на потреба од информации од јавен карактер,
Ве известуваме дека по однос на **првото барање** – информација до каде е изградбата на прифатилиштето за бездомни кучиња во Битола, Ве известуваме дека согласно развојната програма на Општина Битола за период 2023-2025г., Општина Битола склучи договор за изведба, и пристапи кон реализација на истиот за фаза **"Изградба на настрешница во функција на објект В2- 9 објект за ветеринарна заштита КП бр.541/2 КО Битола "** и оваа фаза е завршена, но се чека завршен извештај и записник за извршен технички преглед од надзорен орган.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
**Одделение за економски развој**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 10-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-113/7 | | | |

Бр.40-136/2023

10.10.2023 година

До

Одделение за административни и општи работи

**Предмет**: Одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер

**Врска**: Ваше барање бр.11-113/2 од 05.10.2023 година

**1.Во врска со прашањето број 1: Информација до каде е изградбата на прифатилиштето за бездомни кучиња во Битола?, Ве известуваме дека, Општина Битола во изминатиот период има** преземено низа мерки со цел да се постават здрави основи врз кои ќе се темели повеќегодишен акциски план за ставање под контрола на проблемот со уличната популација на кучињата на хуман начин во согласност со законите на Р. Македонија и во согласност со меѓународните практики за ставање под контрола на овој проблем. Во прв план ни е ставање под контрола на проблемот со примена на масовна стерилизација на кучињата во рамките на шест до осум месеци на минимум 75% од уличната популација на кучињата, потоа ќе продолжиме со активноста за одржување на минимум 75% стерилизирана популација со цел континуирано намалување на уличната популација по природен пат.

Овој проблем не е настанат во краток временски период, поради што потребно е спроведување на ефикасни и брзи решенија, но со долгорочни политики на делување. Токму затоа, во моментот во тек е подготовката за отпочнување со работа на надворешниот дел од прифатилиштето, кое целосно ќе одговори на констатираната состојба и моменталните потреби, а ќе значи и долгорочно решение без нерационално трошење на средствата од општинскиот буџет. Во одговорот на прашањето број 2, даден е опис на постапката.

**2. Дали и кога ќе започне со работа привременото решение (боксовите во дворот на земјоделското училиште) кое би згрижувало и третирало бездомни кучиња?**

Решенијата кои ги спроведува Општина Битола, се со долгорочен ефект и системски пристап. За таа цел Ве информираме:

Пребројувањето на кучињата покажа дека претстои голема и сериозна работа пред нас. Секако за реализација и контрола на реализацијата на програмата и акцискиот план

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
**Одделение за економски развој**

бараме вклученост на граѓаните и посебно од невладините организации и активистите кои се вклучени и до сега во оваа активност.

Прифатилиштето кое е во финална фаза на градба располага со 33 бокса со максимален капацитет од 3 кучиња по бокс според законските барања, кое е оптимален капацитет за ставање под контрола на овој проблем. Во рамките на прифатилиштето изградивме и одличен долг парк кој е нужно потребен за хуманиот третман на животните и за спроведување на сите законски постапки при времениот престој на кучињата во прифатилиштето.

Општина Битола во изминатиот период се консултирање со меѓународни и домашни експерти на темата изработи Програма за контрола на уличната популација на кучињата која во моментот се доусогласува со новопревземените активности и повторно ќе биде поднесена на усвојување до АХВ. Изработивме и проект за прифатилиште за улични кучиња кој е во финална фаза на реализација на што следува одобрување од АХВ, спроведовме активност за броење на уличната популација на кучињата во рамките на Град Битола и сме во фаза на подготовка на акциски план за спроведување на програмата за контрола на уличната популација на кучиња.

Почетокот со работа на прифатилиштето е поврзан со обезбедувањето на потребната документација и согласност, главно од Агенцијата за храна и ветеринарство.

За реализација на програмата планирано е да се вклучат сите ветеринарни друштва кои ќе пројават интерес за вршење на оваа дејност со цел масовност и брзина во процесот на ставање под контрола на овој проблем, со користење на капацитетот на прифатилиштето како база за пред и постоперативно чување и вдомување на животните.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
IV

**Раководител**

**Венцо Шишкин**